низациони прашања, поврзани со нејзината досегашна и идна работа во врска со научната соработка меѓу историчарите од СФРЈ и ЧССР. На крајот од нејзината работа беше потпишан официјален протокол. Во него позитивно е оценет споменатиот Научен собир и е потпишано признанието за издавање на зборникот на Минхенскиот договор. Од овој протокол произлегуваат повеќе задачи за Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија и за неговиот делегиран член во оваа Комисија. Комисијата реши следната, XV нејзина седница да се одржи во Словачка, а темата на нејзиниот Научен собир да гласи: „Југославија и Чехословачка од 1929 година до распаѓањето на нивните буржоаски економски и општествено-политички системи (во 1939, односно 1941 год.)".

Целокупната работа на XIV заседание на Југословенско-чехословачката историска комисија се развиваше на високо научно ниво и во пријателска атмосфера, за која се заслужни хрватските колеги. Таа даде значаен прилог во научната соработка не само меѓу историчарите туку меѓу обете земји воопшто.

Ристо ПОПЛАЗАРОВ

## 35 ГОДИНИ НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Почетокот на слободната македонска просвета започнува од есента на 1945 година, кога на првата слободна територија се отвориле десетина основни училишта. Меѓутоа, масовната македонска просвета на македонски јазик почнува по ослободувањето на Македонија во 1944 година, како голема придобивка на НОВ.

Со решението број 9 од 3. XI 1944 година, Президиумот на АСНОМ предвидел отворање на 9 гимназии, помеѓу кои се наоѓа и велешката гимназија. Неколку дена по ослободувањето на Велес (9. XI 1944 година), во врска со горното решение, група просветни работници, меѓу кои: Златка Ангелова, Тодор Андонов, Пенка Менкациева и други, стапиле во врска со Градскиот народен одбор со предлог да се отпочнат подготовките за изведување настава на македонски јазик и во гимназијата.

Бидејќи до последниот ден на ослободувањето во зградата се наоѓаа окупаторските војски, зградата, како и училишниот имот, беа уништени. За таа цел беше направен мал ремонт на зградата, а архивата што останала неоштетена, беше средена.

Во текот на месец декември беше направен преглед на училишниот имот, а откако се утврди што недостасува, од најнеопходните наставни средства, беше предложено да се набават. Исто така беше извршен попис на училишната библиотека, а сите книги со несоодветна содржина беа отстранети.

Откако беа доста брзо извршени сите подготовки, се отпочна со уписот на учениците. Исти-

от беше во целост извршен за учениците од I, II и III клас. Поради тоа што поголем број од учениците од IV до VIII клас се ставија на располагање на Министерството за просвета, или пак се наоѓаа во редовите на Народноослободителната војска, беше одлучено запишувањето на овие ученици да се продолжи до крајот на јануари 1945 година.

На 20 јануари 1945 година, пред да се отпочне со редовна настава беше одржано родителско-учителско собрание. На собранието по желба на родителите беше одреден вечерен час за учениците, а се предложи да се изработат и привремени дисциплински правила, кои ќе се користат до добивањето на такви од Министерството за просвета.

На 26 јануари 1945 година Министерството за просвета, со писмо број 423, со заповед број 97 за директор на гимназијата ја назначи Златка Д. Ангелова, професор, а со заповед број 98 ги назначи следните наставници во гимназијата:

1. Тодор Андонов (Јанев)
2. Пенка Христова Менкациева
3. Ѓорѓи Николов Милошев
4. Надежда Николова Игнатенко
5. Ратка Николова Мирсинова
6. Тамара Кочова Паунова
7. Славјанка Христова Паунова
8. Данка Кочова Хаџи-Тонева
9. Милка Ѓошева Голистојанова
10. Александра Т. Пејкова
11. Данка Живкова Фирфова.

Нешто подоцна за наставници во гимназијата се назначени уште:

1. Стојан Миланов Христов
2. Ставро Трифунов Ѓорѓев
3. Ганчо Пајтонџиев
4. Ѓорѓи Панчев Василев

По извршените целосни подготовки и по назначувањето на наставничкиот кадар беа создадени реални услови за несметано отпочнување на наставно-воспитниот процес. На 1 февруари 1945 година беше свечено отворена гимназијата — во новата учебна година во слободна Македонија. На свеченоста присуствуваа голем број претставници на цивилната и воената власт, разни организации и здруженија, како и голем број родители и ученици.

Поради болест на директорот на гимназијата, гостите ги поздрави и за значењето на отворањето на гимназијата и за изведувањето на наставниот процес на македонски јазик говореше професорот Тодор Андонов. На овој ден беше одлучено гимназијата да го носи името на познатиот македонски поет и револуционер Коста Рацин. На крајот за присутните гости учениците изведоа многу успешна литературно-музичка програма.

На 2 февруари 1945 година во гимназијата се отпочна со редовна настава за првпат на македонски јазик, со што започна да се реализира вековниот сон на македонскиот народ.

Така ја отпочна својата работа велешката гимназија. Почетокот на работата беше проследен со многу големи тешкотии; неутврдена азбука, без учебници и учебни помагала, без доволно квалификуван наставен кадар, без услови за работа, но со голем елан и желба да се надмине сè. И навистина, во таквите услови големата желба за работа ги над-

мина сите тешкотии, а дека тоа беше така се потврдува со фактот што во таа учебна година беше изведена и првата генерација матуранти.

Од сето ова досега изнесено и од податоците со кои располагаме, јасно и недвосмислено произлегува дека Гимназијата „Кочо Рацин" од Титов Велес е првото средно училиште во слободна Македонија, во кое наставата се изведувала на македонски литературен јазик.

Оттогаш па до денес илјадници ученици излегоа од клупите на оваа гимназија, кои низ разните структури му даваат вонреден белег на нашето социјалистичко самоуправно општество.

За својата значајна активност Гимназијата има добиено голем број признанија, но сепак најдраги ѝ се наградата „Климент Охридски" и „Орденот заслуги за народ со златна ѕвезда", со кои ја одликува Претседателот на републиката Јосип Броз Тито.

Љубомир ТРАЈКОВСКИ